Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-7961/9
02-09-2020 год.-viti
Скопје-Shkup

Акционерско друштво за производство на неметални минерали увоз-извоз
СИЛИКА-МИНЕРАЛ
Бр. 0303-63
10.09.2020

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), членот 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – доломит на локалитетот "Брест" с.Суви Дол, општина Македонски Брод бр.24-5584/1 од 13.11.2014 година и Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – доломит на Акционерското друштво за производство на неметални минерали СИЛИКА – МИНЕРАЛ увоз-извоз Прилеп на локалитетот "Брест" с.Суви Дол, општина Македонски Брод бр.44-978/1 од 22 јуни 2020 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр.169/20),

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Kreshnik Bekteshi (во натамошниот текст: концедент) и

2. Акционерското друштво за производство на неметални минерали СИЛИКА – МИНЕРАЛ увоз-извоз Прилеп
со адреса: Ул.Ѓорче Петров бр.212 А Прилеп, Република Северна Македонија
застапувано од лицето Петар Давидовиќ
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден __________ 2020 година во Скопје, склучија:

## А Н Е К С
## НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ДОЛОМИТ НА ЛОКАЛИТЕТОТ "БРЕСТ" С.СУВИ ДОЛ, ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

### Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – доломит на локалитетот "Брест" с.Суви Дол, општина Македонски Брод бр.24-5584/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

„Член 3

**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 20 (дваесет) години."

**Член 2**

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 6 (шест) примероци за Концедентот и по 1 (еден) примерок за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – доломит на локалитетот "Брест" с.Суви Дол, општина Македонски Брод бр.24-5584/1 од 13.11.2014 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – доломит на локалитетот "Брест" с.Суви Дол, општина Македонски Брод бр.24-5584/1 од 13.11.2014 година остануваат во сила, непроменети.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА
Kreshnik Bekteshi

За Концесионерот
Акционерското друштво за производство на неметални минерали
СИЛИКА – МИНЕРАЛ
увоз-извоз Прилеп
Петар Давидовиќ

Изработил/Përpiloi:Fatmir Shaqiri
Контролирале/Kontrolluan: m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: d-r Ejup Latifi
Согласен/Miratoi: Зоран Павловски